## *СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА*

## *второ полугодие од 2021 година*

Поштенскиот пазар значително се промени од донесувањето на Директивата за поштенски услуги во 1998 година и измените од 2002 и 2008 година. Поштенскиот сектор и неговата регулаторна рамка се во развој, под влијание на постојната брзорастечка дигиталицација. Податоците кои ги доставуваат давателите на поштенски услуги, како и анализите направени од истите престатвуваат основа за понатамошни промени во поштенската рамка насочена кон пазарните потреби и услуги ориентирани кон корисниците. Извештаите за обезбедување на поштенски услуги преку кои Агенцијата за пошти ги црпи податоците за изготвување анализи, давателите на поштенските услуги два пати годишно ги доставуваат пополнети врз основа на нивното работење. Извештајот содржи податоци за обемот и видот на пратките, подрачјето на кое се обезбедуваат поштенските услуги, бројот на вработени лица кај давателите на поштенски услуги, финансиските средства остварени од услугите, бројот на рекламации за дадениот период, капацитетот на јавната поштенска мрежа и др.

Агенцијата за пошти во рамки на своите надлежности за регулирање на поштенскиот пазар, во текот на 2021 година направи измена на Правилникот за видовите на финансиски податоци и информации поврзани со обезбедувањето на поштенските услуги и начинот на нивното доставување до агенцијата, како и на Извештаите за обезбедување на поштенски услуги.[1]

[1] http://ap.mk/mk/formulari-analiza

Во продолжение Статистичкиот извештај содржи податоци од второто полугодие од 2021 година и истиот, заедно со извештајот од првото полугодие на 2021 година даваат слика како се развива пазарот во Република Северна Македонија.

## *1. Даватели на поштенски услуги*

2021 година започна со 41 давател на поштенски услуги, а во текот на годината бројот се зголеми на 49, но исто така на 6 даватели на поштенски услуги им е укинато Општото овластување. 2021 година заврши со 43 даватели на поштенски услуги. Во 2021 година има зголемување на бројот на даватели на слободниот пазар во однос на 2020 година.

Од вкупниот број на даватели на поштенски услуги кои работеа во второто полугодие на 2021 година пополнети Извештаи доставија 41 давател, кои се предмет на анализа на овој извештај.

Табела 1: Даватели на поштенски услуги

| | **2021 прво полугодие** | **2021 второ полугодие** |
|---|---|---|
| **Давател на универзална услуга –АД Пошта на Северна Македонија** | 1 | 1 |
| **Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар** | 40 | 42 |

## *2. Остварен обем на поштенски услуги*

A

За второто полугодие на 2021 година само 1 давател на поштенски услуги нема доставено пополнет извештај, а истиот има добиено Општо овластување во декември 2021 година.

Табела 2: Податоци за обем на поштенски пратки

| | 2021 прво полугодие | 2021 второ полугодие |
|---|---|---|
| Пошта на Северна Македонија | 14,741,246 | 15,818,565 |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар | 3.422.356 | 3.575.744 |
| Вкупен обем | 18.163.602 | 19,394.309 |

Како што може да се забележи имаме зголемување на вкупниот обем за второто полугодие во 2021 година. Обемот на поштенските услуги во второто полугодие покажува зголемување во однос на првото полугодие за 6.7%. Зголемувањето на обемот е резултат на зголемување на обемот кај давателот на универзалната услуга за 7,4%., додека давателите на слободниот пазар имаат зголемување за 4,5%.

*Забелешка:* Податоците за обем за првото полугодие претрпеа промена од веќе изготвениот полугодишен извештај за првото полугодие на 2021 година, од причина што два даватели на поштенски услуги ДелЦо ДООЕл Скопје и ХЕЛЛО ПОСТ ДООЕЛ Скопје дополнително доставија податоци за своето работење во првото полугодие на 2021.

Графикон 1. Остварен обем кај даватели на поштенски услуги




| | Пошта на Северна Македонија | Даватели на слободниот пазар |
|---|---|---|
| Прво полугодие 2021 | 14741246 | 3422356 |
| Второ полугодие 2021 | 15818565 | 3575744 |

Графикон 2. Удел на дателина поштенски услуги на пазарот




| | прво полугодие 2021 година | второ полугодие 2021 година |
|---|---|---|
| Пошта на Северна Македонија | 81.15% | 82% |
| Даватели на слободниот пазар | 18.84% | 18% |

Во второто полугодие на 2021 година има зголемување на удел на пазарот на давателот на универзалната услуга за околу 0,85% во однос на првото полугодие на 2021 година.

### *3. Вкупен обем на поштенски пратки кај Пошта на Северна Македонија*

Табела 3. Вкупен обем на поштенски пратки кај Пошта на Северна Македонија во рамки на универзалната услуга

| *ВИДОВИ ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ* | 2021 прво полугодие | 2021 второ полугодие |
|---|---|---|
| **Вкупен обем остварен од услугите во рамките на универзална услуга** | 14,583,144 | 15,702,931 |
| **1. Пратки за коресподенција** | 13,339,764 | 14,167,985 |
| **2. Мали пакети** | 0 | 0 |
| **3. Директна пошта** | 19,336 | 16,429 |
| **4. Пакети** | 58,129 | 71,711 |
| **5. Печатени работи** | 1,165,915 | 1,446,806 |
| **Вкупен обем остварен од услугите надвор од универзална услуга** | 158,102 | 101,948 |

Анализирајќи ги податоците во рамки на универзалната услуга се забележува зголемување на скоро сите услуги во рамки на универзалната услуга. Единствено има намалување на директната пошта, а оставрени се околу 82,4% во внатрешен и околу 17,6 % во меѓународен сообраќај.

Табела 4: Вкупен обем на АД Пошта на Северна Македонија (2021 второ полугодие)




Дavателот на универзалната услуга остварил зголемување на услугите во универзалната услуга во второто полугодие на 2021 за 7,7%.

Пратките за коресподенција како услуга која треба да биде достапна до сите корисници, бележи зголемување во второто полугодие на 2021 година за околу 6%. Но, и покрај ваквите податоци се смета за потребно да се укаже дека трендот на потребите за пратките за коресподенција опаѓа. Развојот на нови видови и понуди на услуги го намалува интересот за овие услуги кај корисниците.  Пандемијата најмногу се почувствува во делот на обезбедување на оваа услуга, посебно имајќи предвид дека многу корисници на оваа услуга започнаа со користење на електронската комуникација.

Табела 5: Вкупен обем на пратки за коресподенција

| | | |
|---|---|---|
| *Вкупен обем на пратки за коресподенција* | *14,167,985* | *100%* |
| *Писма* | *14141,744* | *99,8%* |
| ** Вкупен обем на писма во рамките на универзалната услуга* | *11,266,220* | *79,5%* |
| **  Вкупен обем на писма до 50 грама* | *9,714,488* | *68,6%* |

Во рамки на пратките за коресподенција обичното писмо опфаќа дури 99.8 % од вкупниот остварен обем во оваа категорија, додека 68,6% се писма до 50 грама, услуга која спаѓа во рамките  на резервираната услуга.

Графикон 3: Обем на писма




Табела 6: Вкупен обем на АД Пошта на Северна Македонија остварен во внатрешен поштенски сообраќај

| *Внатрешен поштенски сообраќај* | | |
|---|---|---|
| *Физички лица* | *Правни лица* | *Вкупно* |
| 943.740 | 12.108.046 | 13,051.786 |
| **7.2%** | **92.8%** | **100%** |

Графикон 4: Обем остварен во внатрешен поштенски сообраќај




Обемот на пакети бележи зголемување во однос на првото полугодие на 2021 година. Во овој податок се вклучени сите обични и вредносни пакети до 10 кг.

Графикон 5: Вкупен обем на пакети




Зголемувањето на пакетите е околу 23,4 % процент во однос на прво полугодие 2021 година.

Графикон 6: Обем прво полугодие/второ полугодие 2021 година АД Пошта на Северна Македонија




## 4. *Вкупен обем на поштенски пратки кај Давателите на поштенски услуги на слободен пазар*

Табела 7. Обем на поштенски пратки кај даватели на поштенски услуги на слободен пазар

| | 2021 прво полугодие | 2021 второ полугодие |
|---|---|---|
| ВИДОВИ ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ | | |
| Вкупен обем на поштенски пратки | 3,422,356 | 3,575,744 |
| 1. Пратки за коресподенција | 873.940 | 1,088,046 |
| 2. Директна пошта | 189,642 | 34.419 |
| 3. Пакети | 2,251,273 | 2,451,827 |
| 4. Печатени работи | 97608 | 500 |

Давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаат зголемување на обемот од 4,4%, пратките за коресподенција за околу 24%, и зголемување на пакетските услуги за 8,9 %.

Графикон 7. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголем обем во услугата пратки за коресподенција - 2021 година, второ полугодие




Графикон 8. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголем обем во услугата пакети - 2021 година, второ полугодие



Графикон 9. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголемо зголемување на обемот на услугата пакети – 2021 година, второ полугодие




Табела 8. Удел на даватели на поштенски услуги на слободниот пазар

| **Пратки за коресподенција вкупно второ полугодие 1,088,046 пратки** | | **Пакети вкупно второ полугодие 2,451,827 пакети** | | **Приходи вкупно второ полугодие 655,627,962 ден** | |
|---|---|---|---|---|---|
| Еко Логистик | 40,6% | Еко Логистик | 32,4% | ДХЛ | 54,6% |
| Хелло Пост | 21,7% | Карго Експрес | 26,6% | Карго Експрес | 8,6% |
| Пост Експрес Македонија ТПЛ | 11,1% | Хелло Пост | 11.78% | Еко Логистик | 6,9% |
| Тотал Пост Логистик | 7,5% | Нова Пошта | 10.86% | Хелло Пост | 5,6% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бе-да груп | 2,8% | ТПЛ Тотал Пост Логистик | 6.31% | Ин Тиме МК БПС | 5,4% |
| | 83,7 % | | 75,3% | | 81% |

Графикон 10. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголем процент на зголемување на обемот на пратките за коресподенција во второто полугодие на 2021 година




Графикон 11. Даватели кои имаат најголемо намалување на обемот на пратки за коресподенција во второто полугодие на 2021 година




***5. Пратки од е-трговија и пратки со откупнина кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар***

Со новите извештаи за обезбедување на поштенски услуги, давателите се обврзани да доставуваат податоци и за услуги од е-трговија, како и пратки со откупнина. Следејќи го движењето на пазарот забележително е дека корисниците сѐ повеќе користат пратки од е-трговија, и користат услуги за кои плаќаат во моментот на приемот на пратката.

Електронската трговија одигра особено позитивна улога за давателите на поштенски услуги придвижувајќи го обемот на пратките низ нивните поштенски мрежи во време на опаѓање на обемот на писмата.

Табела 9. E-commerce услуги кај Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар

| | E-commerce услуги прво полугодие | E-commerce услуги второ полугодие |
|---|---|---|
| Писма Е - commerce | 5465 | 6819 |

| | | |
|---|---|---|
| Пакети E-commerce | 106090 | 115481 |

Пратка со откупнина се врачува на примачот со претходна наплата на откупниот износ означен на самата пратка. Како пратка со откупнина може да се испрати секоја препорачана или вредносна пратка.

Табела 10. Пратки со откупнина кај Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар

| | Пратки со откупнина прво полугодие | Пратки со откупнина второ полугодие |
|---|---|---|
| Писма со откупнина | 2590 | 106414 |
| Пакети со откупнина | 291037 | 729799 |

Се забележува големо зголемување на пратките со откупнина

Давателот на универзалната услуга има само 11 пратки од е-трговија, додека 31,839 пратки со откупнина.

Табела 11. Број на вработени во поштенскиот сектор

| Вкупен број на вработени во поштенскиот сектор | 2021 прво полугодие | 2021 второ полугодие |
|---|---|---|
| А.Д. Пошта на Северна Македонија | 2,220 | 2192 |
| - *Договорни пошторазнесувачи* | 33 | 39 |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар | 1442 | 1198 |
| - *Договорни пошторазнесувачи* | 139 | 174 |

Кај давателите на слободниот пазар има намалување од околу 17 % на бројот на лица вработени, а се зголемува борјот на лица како договорни пошторазнесувачи и договорни пошти.

*Табела 12.* Точки на пристап - А.Д. Пошта на Северна Македонија

| *Точки за пристап* | *2021 прво полугодие* | *2021 второ полугодие* |
|---|---|---|
| 1. Поштенски единици за прием на поштенски пратки | 332 | 332 |
| 2. Поштенски сандачиња | 374 | 374 |
| 3. Поштенски преградоци | 6,539 | 6,539 |
| Вкупно | 7,245 | 7,245 |

Во однос на точките за пристап како основа на достапноста за универзалната услуга, но и на сите останати поштенски услуги, кај давателот на универзалната услуга се забележува една константа, а тоа е така и заради фактот дека намалување на точките за пристап подлежат на одредени законски постапки.

Табела 13. Точки на пристап – Даватели на слободен пазар

| Точки за пристап | 2021 прво полугодие | 2021 второ полугодие |
|---|---|---|
| 1. Поштенски едини... прием на поштенс... | | |
| 2. Број на возила за обезбедување на услугите | | |

| | А.Д. Пошта на Северна Македонија (денари) | | Останати даватели на поштенски услуги (денари) | |
|---|---|---|---|---|
| | 2021 прво полугодие | 2021 второ полугодие | 2021 прво полугодие | 2021 второ полугодие |
| Вкупни приходи од обезбедување на поштенски и | | 888 | | 1149 |

Давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаат постојано зголемување на точките за пристап, како во делот на единиците, така и во бројот на возила.

### *6. Финансиски податоци од обезбедување на поштенски услуги*

А.Д. Пошта на Северна Македонија остварила помалку приходи во 2021 година второ полугодие во однос на 2021 прво полугодие, но имала и помали расходи.

Табела 14. Остварени приходи и расходи

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| други поврзани услуги во внатрешен и меѓународен сообраќај | 512,261,096 | 509.903.947 | 617,548,192 | 655,627,962 |
| Вкупни расходи од обезбедување на поштенски и други поврзани услуги во внатрешен и меѓународен сообраќај | 640,910,593 | 618.863.756 | 554,668,524 | 670,858,304 |

Графикон 12: Приходи - даватели на поштенски услуги во рамки на универзална услуга




Кај давателите на слободниот пазар има зголемување на приходите, па последователно на тоа и зголемување на расходите.

Графикон 13: Приходи- даватели на поштенски услуги на слободниот пазар

***-најголемо зголемување на приходите прво/второ полугодие 2021 година***

A




Доколку се анализира обемот и остварените приходи се доаѓа до заклучок дека давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаат зголемување на обем од околу 4,4%, и имаат зголемување на приходите за 6 %, што укажува на зголемување на цените на услугите.

Табела 15. Најмногу остварени приходи

| Даватели со најмногу приход | Процент од вкупни приходи |
|---|---|
| ДХЛ | 55% |
| Карго Експрес | 8,7% |
| Еко Логистик | 6.9% |
| Хелло пост | 5,64% |
| Ин Тиме МК БПС | 5,42 |
| | **81.66%** |

*Табела 16.* Податоци за безбедноста и рекламации на поштенски пратки

| Рекламации | 2021 прво полугодие | 2021 второ полугодие |
|---|---|---|
| А.Д. Пошта на Северна Македонија | 458 | 548 |
| Останати даватели на поштенски услуги | 313 | 571 |

Бројот на рекламации кај давателите на поштенски услуги во однос на прво полугодие 2021 година бележи зголемување односно, кај давателот на универзалната услуга има зголемување од околу 20 %, додека кај давателите на слободниот пазар 82%.

Табела 17. Број на рекламации по видови на пратки

| | Обични писма | Препорачани писма | Вредносни писма | Пакети | Вредносни пакети |
|---|---|---|---|---|---|
| А.Д. Пошта на Северна Македонија | 0 | 481 | 2 | 65 | 0 |
| Останати даватели на поштенски услуги | 77 | 115 | 0 | 382 | 3 |

Давателот на универзалната услуга има најмногу рекламации за преопрачани писма. 88% од корисниците рекламирале препорачани пратки и тоа 77% за оштетени/изгубени препорачани пратки, додека кај давателите на поштенски

услуги на слободниот пазар корисниците рекламирале по основ на оштетена, односно намалена содржина на пакети и тоа 43% од поднесените рекламации.

*Графикон 14: Рекламации А.Д. Пошта на Северна Македонија*




A